# НЕВЕРОЈАТНИ ОДГОВОРИ

на молитвата

*Назив на оригиналот:*
**Incredible Answers to Prayer**
by Roger J. Morneay

*Превод:*
**Весна Станковска**

*Јазична редакција:*
**Мелита Томовска**

*Дизајн:*
**Лазар Томовски**

*Издава:*
**АИК „Знаци на времето“**

*www.**znacinavremeto**.mk*

*За издавачот:*
**Михајло Гурев**

*Печати:*
**Аркус дизајн**

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

279.14-29

МОРНО, Роже
Неверојатни одговори на молитвата / Роже Морно ; [превод Весна Станковска]. - Скопје : Знаци на времето, 2016. - 114 стр. ; 20 см

Превод на делото:
Incredible Answers to Prayer / Roger J. Morneay

ISBN 978-9989-659-88-1
I. Morneay, Roger J. види Морно, Роже

COBISS.MK-ID 101773578

Роже Морно

# НЕВЕРОЈАТНИ ОДГОВОРИ

## на молитвата

*Прва глава*

# КУЌА НА СМРТТА

Дента, на 1 декември 1984 година, се наоѓав на смртна постела на Одделот за интензивна нега во Големата општа болница „Нијагара“, во градот Нијагара Фолс во Онтарио. Доживеав силен наплив на крв во срцето што лекарите не можеа да го контролираат. Неколку денови подоцна, кардиолозите ми кажаа дека не ќе бев меѓу живите ако сопругата ме донела во болница само дваесет минути подоцна.

Оваа неволја ми се случи ненадејно. Мојата сопруга Хилда и јас, за време на викендот, бевме во посета на нејзината мајка. Нашето патување од центарот на Њујорк беше пријатно. Минавме пријатна вечер со мајка ѝ. Подготвувајќи се за починка во десет часот навечер, наеднаш се почувствував изморен, па заспав со лесен сон сè до три часот по полноќ, кога наеднаш се разбудив со лице облеано со пот. Исто така, почувствував дека тешко дишам, а тоа го препишав на топлата постела.

Кога го подотворив прозорецот, ме освежи ветре и веднаш се почувствував подобро. Меѓутоа, не можев повторно да заспијам. Почнав да се превртувам во постелата, а проблемите со дишењето набрзо повторно се јавија.

Бидејќи дишев сè потешко, прозорецот го отворив уште повеќе и таквата состојба траеше сè до седум часот наутро, кога ширум го отворив.

По туширањето се почувствував многу изморен и конечно сфатив дека навистина не ми е добро. Ја собрав сета преостаната сила во обид да се избричам. Одењето до автомобилот ме измори како да се качувам на планина.

Во Одделот за итни случаи болничарите веднаш ми ставија маска со кислород, ми ставија инјекција и инфузија со гликоза; ме приклучија на дијагностички монитор за следење на работата на срцето. Кардиологот, со неколку медицински сестри, направи сè што можеше за да ме одржи во живот.

Подоцна ме сместија во Одделот за интензивна нега, иако одајата веќе беше преполна. Бидејќи сите кревети беа пополнети, мојот кревет го поставија среде собата, во близина на просторијата за медицинските сестри.

Бев, ако може така да се каже, со едната нога веќе в гроб затоа што моето дишење стана толку слабо што едвај можев да вдишам малку кислород. Верував дека бев на прагот на смртта, а тоа чувство стана уште подлабоко кога некој ме праша дали сакам да повикаат свештеник. Бев толку слаб што сметав дека сум премногу болен за да можам да примам посети, со исклучок на мојата сопруга на која ѝ беше дозволено да ме посетува по десет минути на секои два часа. Речиси четириесет години барав од Господа да ми помогне да се подготвам за средбата со смртта.

Речиси пред четири децении доживеав необично искуство кога демонските духови ми ја објавија раната смрт, затоа што одлучив да го прифатам Исус Христос за свој Господ и Спасител и да ја почитувам библиската сабота.

Сфаќајќи ја својата критична состојба, станав свесен дека и мнозина други луѓе во болницата се борат за живот. „Ова е куќата на смртта“, си реков себеси.

## Во Божјо присуство

Минаа триесет и шест часа, а јас сè уште бев жив и можев повремено да дишам без маскатa за кислород. Моите мисли се креваа кон Бога во мелодија на благодарност. Таа недела навечер, на Одделот за интензивна нега, беа донесени многумина, па главната сестра беше принудена да побара дополнителна помош. Веднаш до мене, од мојата десна страна, еден постар човек беше на работ на смртта, а две медицински сестри се бореа за неговиот живот. Од мојата лева страна лежеше човек од околу триесетина години, кој имаше три срцеви удари. Изгледаше како ова да му беа неговите последни денови.

Во собата на главната сестра блескаа светла, што беше знак дека голем број пациенти се наоѓаат во тешка состојба. Бидејќи лежев блиску до собата на главните медицински сестри, можев да ги слушнам коментарите кои навестуваа дека состојбата на некои пациенти се влошува и станува кртична. Во таква ситуација си припомнив на една тема што во 1946 година ја обработил еден од водечките духовни луѓе. Тој сметаше дека демонските духови уживаат да гледат како луѓето умираат и оти во време на војни одржуваат прослави. Беше јасно дека тие планираат таква прослава и оваа вечер, кога во болницата се наоѓаа толку пациенти соочени со смртта. Моите мисли се издигнуваа кон Господа во молитва за мене и за другите. Во текот на изминатите триесет и девет години видов како моќта на посредничката молитва на многумина им носи благослов во животот. Мошне рано во својот христијански живот почнав да се молам за духовно болните; за оние, кои во судир со гревот стануваат духовни, дури и тогаш кога се физички дотолчени и кога, како што сакам да велам, ги упатував на Христовиот оддел за интензивна нега. Заложбите беа наградени, затоа што многупати го доживеав остварувањето на моите молитви.

Како што веќе заклучив, мојот Господ и Спасител служи во небесното Светилиште во полза на паднатото човештво (Евреите 8,1.2); открив дека срцето ми се воздигнува во благодарност за многуте благослови кои Тој така милостиво им ги даруваше на другите, одговарајќи на моите молитви. Мојата радост во Господа беше голема кога го отсјајував Божјото сочувство, што никогаш не изостана во мојот живот, иако, како човечко битие, тоа со ништо не сум го заслужил.

Во оваа пригода барав силна помош Светиот Дух да го обвие секој со духовна атмосфера на светлина и мир и да им го обнови здравјето на сите ако тоа е Негова волја. Како што ќе видите во следните поглавја, од свое лично искуство научив дека посредничките молитви беа најуспешни кога бев сигурен дека гревот не ги одделува од Бога оние за кои се молиме. Започнав молитва во таа соба на Одделот за интензивна нега, заблагодарувајќи му се на Господа за привилегијата што можам да барам Божја помош за своите пријатели-пациенти. Насочувајќи ја мислата кон бесконечната цена што Тој ја платил на Голгота, Го молев да им ги прости гревовите на сите.

Долго време бев уверен во тоа дека како христијани треба да го правиме за другите она што тие сами не можат или не сакаат да го направат за себе - да се борат со гревот во нивниот живот. Исус ни дал пример. Пред да умре на крстот, Го молел Татка си да им ги прости гревовите на оние кои го распнувале (Лука 23,34). Не можам да објаснам што се случува кога му се молиме на Бога да ги прости туѓите гревови, но забележав одредени промени во животот на другите. Бог никому и никогаш не ја крши слободната волја, но кога се молиме за некој, тоа Му дозволува со посебна сила да дејствува на животот на друго лице. Тој од синџирот на гревовите ја ослободува лич-

носта, која сега својата слободна волја може да ја употреби да избере добрина.

Лежејќи на смртна постела, сакав да го зајакнам своето лично христијанско искуство, и затоа барав од Бога да ми дозволи да го видам дејствувањето на Неговиот исцелителен допир во оваа болница. Потоа му заблагодарив на големиот Лекар, Авторот на нашето постоење, за исполнување на моите молитви.

Како што веќе утврдив пред многу години, демонските духови грчевито се борат пред својот плен да го препуштат на силата на Божјиот Дух. Петнаесетина минути голем број од пациентите чувствуваа силни болки и медицинските сестри трчаа да им помогнат. Меѓутоа, медицинскиот персонал навистина се исплаши кога срцето на господин Смит престана да чука.

Заѕвони алармот за повик во собата на главните сестри, зголемувајќи ја атмосферата на итност. Главната сестра преку разглас веднаш ги повика сите лекари во болницата да дојдат да помогнат. Тројца лекари влетаа на нашиот оддел. Медицинската сестра од другиот крај на собата, со трчање го довлече апаратот за вештачко дишење.

Медицинскиот персонал околу десет минути правеше сè што можеше за да го врати во животот пациентот, но без успех. Еден од лекарите, со наведната глава ја напушти собата, велејќи ѝ на главната сестра на одделот: „Човекот почина“. Веднаш со молитва му се обратив на Господот на животот, барајќи од него да му го врати животот на господин Смит со силата на „Духот на животот“ (Римјаните 8,2), со таа голема сила што го крена Лазар од смртта. Кога изговорив „Амин“, господин Смит дојде при свест и праша зошто има собрано толку многу луѓе околу него. Почувствува необично силен глад и побара нешто за јадење. Еден од лекарите ѝ пријде на главната сестра, ве-

лејќи ѝ да порача нешто од кујната, па додаде: „Во целиот мој живот вакво нешто сè уште не сум видел“.

Моите молитви добија одговор и тоа не само во случајот на господин Смит, кој се чувствува добро, туку небесен мир сега ги благослови и другите пациенти на одделот за интензивна нега. Спокој го исполни целиот оддел. Медицинските сестри стоеја опуштено пред стаклените врати, а нивните пациенти, кои до пред малку беа вознемирени, спокојно и удобно потонаа во сон.

Уште еднаш ја почувствував Божјата присутност.

## Нов закуп на животот

Хилда чекаше многу време да ги мине со мене доделените десет минути. Околу десет часот вечерта влезе за последен пат тој ден, пред да се врати кај мајка си за да преноќи. Додека седеше во болничката чекалница, се запозна со госпоѓа Смит. Оваа госпоѓа беше многу вознемирена поради тешката состојба на нејзиниот маж, како и поради целосната промена на неговата сегашна состојба. Претходно тој зборувал дека сака да умре, а сега оти сака да живее. Четири дена подоцна имав можност да се сретнам со Смитови на Одделот за кардиологија во болницата. Нивната радост отсјајуваше со Божја љубов. Хилда разговараше со госпоѓата Смит и дозна дека нејзиниот сопруг е во исклучително добра здравствена состојба, па не се воздржуваше да прифати да работи на одделот за да му помогне, колку што е можно повеќе, за побрзо отпуштање од болница. Тој и навистина набргу беше пуштен и си замина во добра здравствена состојба. Ден по заздравувањето на господин Смит, лекарите решија некои од пациентите кои подобро се чувствуваа да ги преместат од Одделот за интензивна нега на Одделот за лесно болни. Состојбата на пациентот кој лежеше од мојата лева страна толку

се смени на подобро, што тој доби отпусна листа. Беше весел, полн со животна радост, очекувајќи сјајна иднина. Постариот човек од мојата десна страна изгледаше препороден. Неговиот лекар беше навистина изненаден кога ги виде позитивните промени на неговата здравствена состојба и му соопшти дека и него ќе го премести од овој Оддел следното утро ако продолжи да заздравува со тоа темпо. Тоа се случи во вторникот наутро, како што и беше предвидено. Бев восхитен затоа што со свои очи го видов исполнувањето на моите молитви.

Но мојата здравствена состојба, по сè изгледа, не одеше на добро. Всушност, во осум часот наутро тој вторник, кардиологот одговарајќи на прашањето за мојата здравствена состојба рече дека шансите да се извлечам од Одделот за интензивна нега се мошне мали. Лабораториските наоди покажуваа дека вирусот непоправливо го уништил моето срце.

Со таква аритмија на срцето не ќе можам уште долго да издржам. Лекарот препорача последна терапија: да ја запре работата на срцето со електрошок од 50 волти, а потоа да го реактивира со нов шок од 200 волти. Потпишав дека се согласувам. Подоцна попладнето кардиологот ме извести дека преземената терапија не ги дала саканите резултати.

Мојата здравствена состојба се влоши, а белите дробови почнаа да ми се полнат со вода. Сфатив дека деновите ми се изброени. Таа вечер, иако физички исцрпен, свесен за опасноста, размислував за шесте изминати децении од својот живот. Една по друга сцените ми се одвиваа пред моите очи, а моето срце беше исполнето со благодарност кон Бога, додека ја гледав грижата со која ме опкружуваше, дури и кога за Него бев бескорисен. Така размислувајќи, се вратив во своето детство, во времето кога имав седум години.

„Тој е жив! Тој е жив“, извика Едмонд, мојот постар брат, откако ја исклучи машината и скокна низ окното во подрумот. Всушност, се искачив на еден куп штици и паднав низ отворот на погонскиот ремен. Тој придвижуваше помало тркало со обем од околу 70 сантиметри и едно поголемо од околу 160 сантиметри, со тег со замаец од 160 килограми што ја придвижуваше едната оска. Луѓето го слушнале моето довикување за помош дури на првиот кат, и покрај бучавата што ја создаваа тешките мелнички постројки што ги имаше имаше мојот татко додека живеевме во источна Канада. Доколку од лежиштето не излезеше тешката оска со широчина од 78 милиметри, чиј пад ја потресе целата зграда, јас ќе загинев на тоа место. Тоа предизвика пад на ременот од помалото погонско тркало. Паднав со гради врз ременот, кој ме однесе до поголемото тркало кое ме крена на врвот и тука се заглавив помеѓу тркалото и таванот.

Тркалото воопшто не ќе запрело ако некој не ја исклучел машината. Мојата облека беше речиси скината од мене, а на себе имав дебела зимска јакна, џемпер, фанелна кошула и дебела долна облека. Мојата лева рака висеше покрај тркалото, па ми мина струја низ неа од рамото до прстите. Според мислењето на лекарот, малку фалело да ми ја ампутираат раката. Но, јас имав родители кои беа искусни молители и кои го познаваа искуството за исполнување на молитвите изговорени во Христово име и сè добро се заврши.

Беа потребни три дена за да се поправи штетата на машината. Мелничарите кои ги поправаа постројките сметаа дека некоја натприродна сила го предизвикала дефектот, затоа што само тежината на основата на постројката можела да ми ги здроби сите коски, а притоа работата на целата машина да не запре ниту за момент, а уште по-

малку тешката челична оска да излезе од лежиштето. Силата која се ослободувала тука, како што проценија, била еднаква на удар на товар од еден тон. „Нека Го слават Господ за милоста Негова, за чудесата Негови што им ги направи на синовите човечки“ (Псалм 107,8).

Размислувајќи за своето минато, се присетив дека кога имав дванаесет години му бев огорчен на Бога кога мојата мајка беше положена во гроб. Не можев да разберам како добриот Бог може да дозволи постојано да се повторува страдањето на човештвото, а притоа ништо да не направи тоа да заврши. Ја загубив верата во Него и во сè што потекнува од Него. Во подоцнежните млади години читав дела на неверници, потоа некои дела од Чарлс Дарвин и на крај од сè, ги прочитав делата на Томас Хенри Хаксли, кои во мене го зацврстија уверувањето дека човекот непосредно настанал од мајмун. До својата дваесет и прва година се сметав за атеист, ги отфрлив сите католички учења во кои некогаш верував и го одрекував постоењето на Бога. Тогаш, неочекувано, го доживеав најшокантно искуство со натприродното. А дали знаев дека Бог ме чува и се грижи за мене?

Тоа беше во 1946 година во Монтреал, Канада, кога се сретнав со еден пријател од војната кој станал член на друштво кое објавило дека комуницира со духовите на мртвите. Јас се вклучив во таа активност и набрзо потоа мојот пријател и јас се најдовме во тајното друштво кое ги обожава суперинтелигентните, прекрасни суштества на кои им се обраќаа како на богови. Всушност, нивната просторија за обожавање беше исполнета со многу убави слики од духови, кои претходно беа материјализирани и фотографирани, за потоа, според тие фотографии, да бидат направени сликите. Во тоа време бев вработен во една еврејска фабрика за производство на везници. Еден од

сопствениците побара да му помогнам во нешто. Тој беше слушнал за некој човек кој бил христијанин, а ја празнувал саботата, седмиот ден во седмицата. Работодавецот побара од мене да дознам на која верска заедница ѝ припаѓа тој човек. Додека го истражував тоа, бев длабоко заинтересиран што вели Библијата за натприродниот свет на духовите.

По неколку дена, духовите го известиле високиот свештеник од нашето друштво дека сум почнал да ја проучувам Библијата и оти боговите се разлутиле. За неколку дена, водачите на групата од тоа друштво понудиле 10 000 долари за мојот живот. Меѓутоа, духовите порачале дека убиството не смее да го изврши некој кој не е член на нивното друштво и оти тие членови треба да се распоредат така што ќе ме убијат во некое погодно време. Духовите ќе им дадат дарба за видовитост на тројца доброволци, а тие пак, во секое време ќе знаат каде се наоѓам.

Господ повторно ме ослободи од прерана смрт.

Сега во овој болнички кревет, иако бев тешко болен, мојот ум сè уште беше бистар и остар. Повеќе од кога било ја сфатив силата која ја содржи Божјата света Реч. Зборовите од Псалм 103,10-14 (текстовите ги запомнив уште пред многу години) минаа низ моите мисли. „Тој не постапува со нас според нашите беззаконија и не ни плаќа според нашите беззаконија; зашто, колку е небото високо над земјата, толку е голема милоста на Господ спрема оние што се бојат од Него; колку е далеку исток од запад, толку ги оддалечува Тој од нас нашите престапи; како што таткото ги милува синовите, така Господ ги милува оние, кои се бојат од Него; зашто Тој го знае нашиот состав, опоменува дека сме прав“.

Моето срце се исполни со надеж, охрабрување и вера. Со радост се присетив на тој убав сончев саботен ден, во

април 1947 година, кога бев крстен и така ѝ се придружив на Христијанската адвентистичка црква во Монтреал.

Есента истата година, Господ го збогати мојот живот кога на 20 септември се венчавме Хилда и јас. Мојата млада невеста беше посветена жена, која ја разбираше силата на посредничката молитва и која во период од четири децении беше средство преку кое моќната божествена помош оневозможи сатаната прерано да ме однесе в гроб.

Можам да се сетам на бројни настани во кои можеше да згасне мојот живот доколку Божјиот Дух на чудесен начин не ме ослободи. На пример, една ноќ возев со автомобилот близу местото Рашфорд по замрзнат пат со снежни навеви високи и до два метри од двете страни. Кога влетав до еден свијок на патот, наеднаш здогледав коњ што стои право пред мене. Многу слични примери минаа низ моите мисли.

Бидејќи се почувствував многу изморен, побарав од Господа да ми даде малку одмор, па со Него ќе разговарам во молитва попладне во три часот кога медицинската сестра ќе ме разбуди за да ми даде лекови.

## Момент на ослободување

Од 1946 година кога имав чудни доживувања со демонските духови, доживував моменти на страв секогаш кога и да размислував за иднината. Тогаш Духот Божји ме благословуваше, упатувајќи ме да прочитам две места од Библијата: Откровение 12,11: „И тие го победија заради крвта на Јагнето“ и Римјаните 8,38.39: „Зашто знам со сигурност дека ни смртта, ни животот, ни ангелите, ни владетелите, ни силите, ни сегашните, ниту идните, ни височината, ни длабочината, ниту какво било друго создание, ќе може да нè раздели од Божјата љубов, која е во Христа Исуса, нашиот Господ“.

На тој начин научив самиот да се определувам себеси со помош на заслугите на Христовата жртвувана крв. Потоа, читајќи го текстот од Евангелието според Матеј 27,24-54, направив дел од моите утрински посветувања да бидат проучување на настаните кои беа во врска со Христовата жртва. Таквиот обичај го отстрани сиот страв од уништувачот (сатаната) и ме опкружи со духовна атмосфера на светлина и мир. Затоа, откако ги зедов лековите во три часот попладне, во своите мисли ги повторив предмалку споменатите библиски текстови. Ги искажав своите потреби на својот Првосвештеник во Светињата над Светињите во небесното Светилиште, изнесувајќи Му дека мирно го прифаќам фактот дека моето патување низ оваа непријателска земја се ближи кон крајот затоа што гледам дека целото човештво, порано или подоцна, оди во гроб. Но, додадов: „Господи, ако Ти е мило, Те молам, би Ти бил благодарен за исполнување на молитвите на мнугутемина кои се молат за мене и за моето оздравување, за да можат да видат дека се исполнети и за да биде нивното христијанско искуство охрабрено. Ако е тоа Твојата волја, благослови го моето болно срце со својот Дух на животот, со таа сила која го подигна Лазара од мртвите и дај ми сила потребна за живот“. Од искуство научив дека Тој ги менува, прекрасно ги менува најбезнадежните и обесхрабрени перспективи, кога со вера се држиме до Неговата сила, и ако е тоа волјата на нашиот небесен Татко. Кога го завршив своето утринско посветување, со сигурност чувствував дека сè ќе биде добро.

Спиев до шест часот изутрината кога дојде лаборантката да ми извади крв. Околу седум и триесет, кардиологот со насмевка на лицето пријде до мојот кревет и ми соопшти дека сега е помалку загрижен за мојата здравствена состојба. Рече дека шансите за мое оздравување биле

лоши, а оти потоа дошло до голема промена на подобро; се случило нешто во што и тој тешко можел да поверува. Покажувајќи на екранот од кардиолошкиот монитор, ми рече: „Кога ве видов последен пат, мониторот покажуваше дека вашето срце работи со од 145 до 185 отчукувања во минута. Сега работи со околу 80 отчукувања. Ако вашата состојба напредува така до три часот попладне, ќе ве преместам од Одделот за интензивна нега на Одделот за кардиолошки болести“.

До три часот попладне мојата здравствена состојба и натаму се подобруваше, па и мене ме преместија во една убава, сончева соба. Наеднаш сфатив дека ме обзема животна радост што се развиваше како никогаш претходно. Дури и валканиот снег на градските улици разбуди во мене ново чувство на благодарност додека ги набљудував врапчињата што скокаа по него.

Господ ме виде „во долината на сенките на смртта“, а јас искусив нови височини во разбирањето на силината на посредничките молитви. Иако бев речиси пред вратата на гробот, сега размислував за тоа искуство, сфаќајќи дека Господ со славата на својот Дух беше со мене на начин кој не ми беше познат до тогаш.

Помина речиси цела недела откако стигнав на Одделот за итни случаи и сега сам, со своите нозе, излегував од болницата. Овие нозе не можеа брзо да се движат, но, сепак, ме изнесоа во светот, што беше чудесно.

*Втора глава*

# СТОЕЊЕ ВО СВЕТО ВРЕМЕ

Тоа се случи во моето рано христијанско искуство, тоа беше пат на промисла кога почувствував потреба за посебни благослови на Божјиот Дух.

Една вечер, во среда во октомври 1947 година, по проучувањето на Божјата света реч, отидов на молитвен состанок во Адвентистичката црква од француското говорно подрачје во Монтреал. По богослужбата, пасторот ме замоли за помош. Дел од неговите должности беше секој трет викенд да ја посети црквата од француското говорно подрачје на Квебек Сити. Таму, тој ја проучуваше Библијата со господинот и госпоѓата Жовен, верна брачна двојка, која со целото свое срце го љубеше Господа.

Проучувањето на Библијата со тоа семејство го започнале Јеховините сведоци. По извесно време, Жовенови биле збунети и натажени. Не само што внеле драстични промени во својот живот, оставајќи ги верувањата и традицијата на Римокатоличката црква, туку сега се соочиле со кризи што не можеле да ги решат. Господин Жовен му кажал на нашиот пастор дека по секое проучување на

Библијата сфаќаат дека адвентистите ја имаат вистината и учат како на идеален начин му се служи на Бога. Меѓутоа, по адвентистите, на проучување доаѓале Јеховините сведоци и по проучувањето на Библијата со нив, оваа брачна двојка сметале дека тие имале право. Така, Жовенови биле наполно збунети.

Тогаш решиле целосно да го надминат својот проблем: на некој состанок ќе ги повикаат двете страни – проповедникот од Адвентистичката црква и Јеховините сведоци и ќе ги соочат во разговор. Дали нашиот пастор ќе биде подготвен да учествува на таков вид дебата? Јеховините сведоци со радост го прифатиле повикот, сметајќи дека тоа ќе биде најголем настан на годината, но и најголема победа во чест на Јехова. Нашиот пастор го прифатил состанокот, па останало уште само да се утврди датумот на состанокот.

Таа посебна среда утрото, господин Жовен телефонски го повикал нашиот пастор и го известил дека најавуваниот состанок ќе се одржи првата недела навечер во осум часот. Таму ќе се сретне со првиот човек на Јеховините сведоци, личноста задолжена за нивната француска мисија во цела Канада. Жовен додал дека тој човек порано бил католички свештеник и дека е доктор по теологија.

„Затоа, брате Монро, дали ќе сакаш да ми помогнеш“, ме праша мојот пастор, „сакаш ли да го преземеш моето место?“ Јас морам да бидам на состаноци што почнуваат во недела наутро во Онтарио. Претседателот ми порача дека не треба да изостанам.“

„А што е со првиот старешина?“, протестирав. „Веќе го повикав, но и тој не може затоа што тој викенд има важен семеен настан.“ Мојот пастор ме уверуваше дека сум добро подготвен за таа работа бидејќи ги знаев наизуст

сите потребни текстови од Писмото за светата библиска сабота и оти, впрочем, Господ сигурно ќе биде со мене.

Ја погледнав својата млада сопруга и ја прашав: „Што мислиш за тоа?“ Одговори оти е уверена дека Бог ќе биде со мене и дека тоа може да биде вредно искуство „на кое со уживање би се сеќавал“, рече полна со доверба.

„Пасторе“, му реков, „ќе одам, но со длабоко чувство на немоќ. Како Мојсеј велам: ’Кој сум јас да одам кај фараонот?’“

Во петокот рано наутро Хилда и јас влеговме во возот за Квебек Сити. Патувањето беше пријатно, а денот беше убав иако студен и изгледаше како целата природа тивко да му говори на моето срце дека големиот Владетел на вселената внимателно бдее над нашата планета.

Жовенови нè известија дека ќе нè чекаат на станицата и ќе бидат наши домаќини за време на викендот. Планираниот состанок ќе биде во станот на еден од Јеховините сведоци и на тој состанок ќе бидат присутни неколку лица, повеќемина од оние кои со Жовенови ја проучувале Библијата. Госпоѓата Жовен не сакаше да присуствува на тој состанок затоа што некој Јеховин сведок по телефон ѝ порачал дека тоа ќе биде енергична и бескомпромисна расправа. Хилда реши да остане со неа.

Господин Жовен и јас стигнавме навреме и на наше изненадување имаше доста присутни. Големата дневна соба и трпезаријата беа исполнети до последно место. Водачот на Јеховините сведоци беше несреќен поради фактот што адвентистичкиот пастор не можеше да дојде. Се почувствува омаловажен и рече дека никогаш не разговарал со човек кој бил скоро крстен. Докажуваше дека дваесет минути ќе бидат доволни спорните прашања да се решат еднаш засекогаш, затоа што сметаше дека Јеховините сведоци, без никакво сомневање, ја имаат вистината. Дваесетте минути се продолжија во два и пол часа.

Беше тешко да се следат аргументите на тој човек. Се вртеше во круг со својата теологија. Кога и да му се спротивставев со доказ од Библијата, тој бргу ќе направеше потег во облик на големата латинска буква У, свртувајќи го разговорот во обратна насока. Сето тоа наликуваше на фаќање зајак во оградена градина. Кога тоа мало суштество ќе го внесете во агол, тоа скока во неочекуван правец и едноставно не можете да го фатите.

На пример, тој човек тврдеше дека Исус не воскреснал во тело, туку како дух. Во својот одговор го цитирав Лука 24,36-43, каде што стои дека Исус се појавил пред своите ученици таа вечер на денот на воскресението: „… И сам Исус застана меѓу нив, и им рече: 'Мир меѓу вас!' А тие се исплашија, а беа исплашени бидејќи мислеа дека гледаат дух. А тој им рече: 'Зошто се плашите? И зошто се јавуваат сомненија во вашите срца? Погледајте ги Моите раце и Моите нозе – Јас Сум истиот! Допрете Ме и видете, зашто духот нема месо и коски, а како што гледате Јас имам'".

Присутните Јеховини сведоци сметаа дека тој добро го знае овој текст, но тој тоа не им го претстави како нешто важно. Потоа продолжи да зема од Писмото малку одовде – малку одонде, вадејќи мисли од контекст, давајќи ѝ на темата наполно инакво значење. Разговаравме за многу прашања и во сите Духот Божји го потврдуваше моето излагање, затоа што моите мисли ги заклучував поткрепувајќи ги со Божјиот збор. Господин Жовен сакаше да разговараме за седмиот ден – саботата, за да биде во можност самиот да донесе одлука.

Како што можеше и да се очекува, водачот на Јеховините сведоци брзо одговори дека „еврејската сабота е прикована на Христовиот крст и на тој начин е укината. Тоа засекогаш ги ослободило луѓето од обврската што ја имале Евреите кога излегле од ропство и кога било нуж-

но да се воздржуваат од работа на тој ден, за да се скрши нивната тврдоглавост и неконтролираното однесување. Тоа било ден посветен на поучување за Бога. Но, сега сме слободни во Исус и седмиот ден во седмицата можеме да го користиме за некоја подобра цел".

На тоа му одговорив дека Бог никогаш не сакал човекот седмиот ден – сабота, да го смета за еврејска институција. Всушност, Создателот сосема одредено ја објавил вистинска намена и целта на крајот на седмичното создавање: „Седмиот ден Бог ги заврши Своите дела што ги направи и си отпочина во седмиот ден од сите дела Свои што ги создаде; и Бог го благослови седмиот ден, и го освети, зашто во тој ден си отпочина од сите Свои дела, што ги направи и создаде" (1. Мојсеева 2,2.3).

Бог имал намера библиската сабота засекогаш да стои во вековите што доаѓаат како споменик не само за Неговата способност на создавање, туку и за одржување на суштествата. Целта била да им се донесат посебни благослови на сите кои го слават тој ден во посветен ум.

Исто така, со големо внимание ја читав четвртата заповед, нагласувајќи ги важните места, додека едновремено се молев Божјиот Дух да ги вреже засекогаш во секој ум тие свети зборови.

Не беше возможно нормално да се говори за саботата бидејќи тој човек немилосрдно негираше сè што ќе кажев. Да не беше сево ова за господин Жовен, ќе се извинев и ќе си заминев. Но, со Божја помош, ја отфрлив таа помисла.

Водачот на Јеховините сведоци постојано го враќаше разговорот на истиот детаљ: дека Христос ги заковал заповедите на крстот, правејќи ги неважни за христијаните. Во еден момент можев да се согласам со него и тоа му го кажав.

Објаснив дека Бог ги употребил тие одредби за да ги поучи децата на Израел за неизмерната жртва која Госпо-

дот на славата ја принесе на голготскиот крст. Кога Христос умрел на крстот, тие ја загубиле својата цел.

Тогаш го читав текстот од Петтата Мојсеева 31.24-26: „Кога Мојсеј ги напиша зборовите на овој Закон во книжен свиток, тогаш им нареди на левитите, кои го носеа Ковчегот на Господовиот Завет, говорејќи; 'Земете го книжниот свиток на овој Закон и положете го во Ковчегот на Господовиот Завет. Таму нека биде сведок против тебе!'"

Потоа го споменав фактот дека Бог го напишал моралниот Закон – кој ја содржи и библиската сабота и тоа со свој прст на две камени плочи. Израелците ги ставиле во Ковчегот на заветот, додека прописите, кои ги напишал Мојсеј, ги ставиле покрај Ковчегот на заветот. Повеќето од присутните многу се изненадија кога ја воочија разликата.

Мојата следна задача беше да им помогнам да ја воочат разликата – огромната разлика помеѓу посветеното, односно она што Бог го прогласил за свето и она што е општо, обично.

Прво го споменав тажното искуство на Надав и Авиуд, кои ги изгубиле животите додека служеле во Светилиштето. Тие никогаш не научиле да го разликуваат светото од обичното и отишле да работат по сопствена волја. „Ароновите синови Надав и Авиуд ја зедоа секој својата кадилница; ставија оган во нив и положија темјан во него, за да принесат пред Господ туѓ оган, што Тој не им го заповеда. Но излезе оган од пред Господа и ги изгоре, и тие умреа пред Господовото лице" (3. Мојсеева 10,1.2).

Тажно и застрашувачко било искуството низ кое поминале родителите на овие момчиња, и тоа за непочитување на Господовите заповеди преку кои децата Израелеви ќе научат да го разликуваат светото од несвето. Десеттиот стих од истото поглавје ни објавува дека Бог го известил Арон за пораката која неговиот народ треба да

ја научи од таа трагедија: „За да можете да го разликувате светото од несвето и нечистото од чисто".

Тогаш прашав: „Зар нема целосно да го фокусираме вниманието на Божјите заповеди за да се сеќаваме на Саботата и да ја сметаме за света?" Некои од присутните одговорија како сега воочиле оти оваа тема заслужува внимание. Но, пасторот на Јеховините сведоци не беше импресиониран. „Земете ги, на пример", рече, „нашите први родители. Кога Адам не можел да има машки потомок, еден од неговите синови морал да има полов однос со својата мајка за да се исполни наредбата за населување на земјата".

Не можев да им поверувам на своите уши! Станав свесен дека овој човек стекнал огромно знаење на многу полиња, но на сите им беше јасно дека не го познава Божјиот збор. Беше во шок кога ја отворив Првата Мојсеева книга 5,4 и читав: „По Ситовото раѓање, Адам живееше осумстотини години; и му се родија уште синови и ќерки". Тогаш рече: „Ова само покажува како може да се научи нешто ново без разлика на животниот век".

За жал, повторно почна да се врти во круг. Побара време од десет минути да докаже дека Библијата не го мисли секогаш тоа што го кажува. Му овозможив да продолжи со објаснувањето, а ми требаше и малку време да го замолам Бога да ги допре срцата на присутните и тоа на начин како што никогаш претходно го немаат искусено. Посебно – да го допре срцето на господин Жовен.

Како што почнав да се молам, ништо не слушнав од тоа што го кажуваше тој човек. Не обрнував внимание на тоа што го говореше. Наместо тоа се молев: „Татко наш небесен, Ти голем Владетел на вселената, Те молам сега преку заслугата на драгоцената крв на Исус Христос, Господ на славата, крвта што е пролеана на Голгота за спас

на паднатото човештво. Татко, сфатив дека не се поместивме ни малку од почетокот. Потребна ми е посебна помош. Овие луѓе вечерва треба да одлучат дали ќе живеат на обновената Земја. Би сакал да зборувам со ангелски јазик! Оче, Ти можеш да даруваш нешто многу подобро: големата сила на Светиот Дух, Духот на животот со кој единствено можеме да се спротивставиме на злото, со кој можеме да го победиме гревот, да ги преобразиме своите камени срца и да се исполниме со Твојата љубов. Господе, може ли Светиот Дух сега да нè прочисти? Скроти ја силата на сатаната и неговите ангели, а потоа сите нас овде опкружи нè со небесна атмосфера на светлина и мир, така што секој од нас вечерва ќе може да донесе одлука. Ти благодарам, Господе, што ги слушаш и одговараш на моите молитви".

Веднаш на ум ми падна мислата: Говори им за недовербата во Бога и за неверноста која го исполнува човечкото срце и како тоа за вечност ќе уништи голем број луѓе. „Тоа е она што го барам, Господе, Ти благодарам, драги Татко, Ти благодарам".

Бидејќи бев млад верник, го проучував Божјиот збор внимателно и само што завршив со читањето на Стариот завет напоредно со книгите „Патријарси и пророци" и „Историјата на пророците и царевите". Особено ми се врежа една мисла. Тоа беше фактот дека паднатото човечко срце по својата природа е исполнето со сомневање и недоверба во Бога. Ние од таа состојба не би можеле да излеземе ако Божјиот Свети Дух во нас секојдневно не го исполнува чудото на откупувањето.

Штом ранетиот водич на Јеховините сведоци замолче, а јас повторно добив можност да зборувам. Реков: „Пријатели, причината што сме вечерва овде е токму поради тоа што го сакаме Господ Исус, кој на Голгота го даде својот

живот за нас и ние сакаме да му служиме со целото свое срце, но начинот на кој тоа треба да го правиме често не ни е јасен и чувствуваме внатрешен немир кој излегува од нас. Дури може да се случи да бидеме целосно збунети. Можеби вас би ве интересирало да слушнете милиони личности кои пред вас имале наполно исто искуство".

Сфаќајки дека пред мене имам внимателни слушатели, продолжив: „Видете, во својата паднатa природа имаме силни елементи на недоверба и неверување, кои постојано настојуваат да нè одвојат од нашиот Создател и навистина тие ќе нè уништат ако Божјиот Свети Дух не ги скрши. Без таа помош ние сме изгубени". Никогаш претходно тие не слушаа толку внимателно.

„За да го провериме она што го зборувам, треба да видиме што вели Библијата за оние кои го загубиле вечниот живот. Да читаме за Каин кој го убил својот брат Авел, затоа што довербата на Авел му беше постојан укор. Да размислуваме за оние многумина кои живееја пред Потопот и кои исчезнаа со него, или за потомците на Ное чија недоверба и неверување ја покренало изградбата на Вавилонската кула. Подоцна Бог го повикал Аврам од Ур Халдејски исто поради неверување и недоверба меѓу луѓето. Сетете се на Изреловите деца кои четириесет години поради своето неверување талкале во пустината и останале надвор од Ветената земја".

Според нивните реакции добив впечаток дека Духот Божји силно дејствува. „Пријатели, недовербата кон Бога и неверувањето често го спречуваат дотокот на Божјите благослови. Библијата вели за Исус: 'И не создаде таму многу чуда, заради нивното неверување'" (Матеј 13,58).

Размислувајте за тоа – луѓето себеси се лишуваат од Божјите благослови поради својата недоверба. Тоа е тажно, многу тажно." Од пет до седум секунди владееше таков мир што можеше да се слушне дури и игла да паднеше на подот. Го очекував дејствувањето на Духот Божји.

„Што можеме да направиме за да добиеме помош?“, праша господин Жовен прекинувајќи ја тишината.

„Сè што можам да ви кажам е она што и самиот го искусив и благословот со кој се исполни мојот живот. Во Ефесјаните 2,8 читаме: ’Бидејќи по благодат сте спасени, преку верата’. Пријатели, според мое мислење, милоста е силата на Светиот Дух во акција. Затоа секое утро се молиме: ’Татко небесен, Ти се обраќам во името на заслугата на драгоцената Христова крв пролеана на Голгота поради која ќе примам помош во борба против злото. Те молам, со големата сила на твојот Свет Дух дејствувај на моето срце и спаси ме од мене самиот, од гревот, од овој свет и од силата на паднатите ангели. Спаси ме од моето недоверливо срце и невербата и замени ги со жива вера во Тебе, така што ќе можам да те примам преку Твојот Збор’.”

Објаснив како молитвата ми донесе мир, задоволство и мудрост.

„Сметам дека мудра личност е онаа која го прифаќа Бога кој се објавил во Неговата реч. Ако се сеќавате, кога Мојсеј ѝ пристапил на грмушката која горела, Господ рекол: ’Не приближувај се наваму! Собуј ги обувките од нозете! Зашто местото на кое стоиш е света земја’ (2. Мојсеева 3,5). Дали Мојсеј бил неверен и недоверлив спрема Бога? Можел да каже: ’Господе, јас не гледам никаква разлика на таа почва. Дали си сигурен дека токму овој песок е свето место?’ Но, Мојсеј го прифатил Бога и Неговата реч, затоа што тоа бил неговиот животен пат.

И ние можеме да имаме свое искуство пред грмушка која гори, исто како и Мојсеј, сеќавајќи се на седмиот ден – сабота и сметајќи ја за света. И вие и јас можеби не стоиме на свето место, но можеме да стоиме во свето време, прифаќајќи го Бога во Неговиот збор и да го почитуваме Неговиот свет саботен ден.“

„Вашето искуство, господине Морно, не е сигурно“, ми упадна во збор Јеховиниот сведок.

Веднаш стана господин Жовен и кревајќи ја раката што означуваше „станете", рече: „Пасторе, тоа нема да биде потребно. Она што го кажа братот Морно, јас веќе го искусив и тоа токму сега и токму тука. Во молитвата се молев со него. Духот Божји го просветли моето разбирање и го зајакна мојот ум. Од денес моето семејство и јас ќе му служиме на Бога така како што Тој сака. Ние ќе бидеме христијани адвентисти затоа што тие ја имаат вистината".

Кога ги слушнав тие зборови, срцето ми затрепери со небеска радост. Каква победа за Исус извојува Светиот Дух! Да, мојата сопруга имаше право кога ми рече дека со ова искуство би можел да бидам восхитен.

Неколку месеци подоцна, господин и госпоѓа Жовен се преселија со децата во Монтреал за да можат децата да го посетуваат црковното училиште. Шест години, сè до нашата преселба во Соединетите Американски Држави, Жовенови беа едни од нашите најдобри пријатели.

Колку е убаво искуството кога нашиот Бог нè прави објекти преку кои со својот Свет Дух ги благословува другите. Следниот текст ми помогна од Бога да очекувам голема поддршка: „Ветувањето на Духот и денес се однесува на нас исто како и на првите верници... Во ова посебно време Неговиот Дух и Неговата милост им се наменети на сите што се повикуваат на Неговите ветувања" (*Сведоштва бр. 8*, стр. 20).

# РАСТЕЊЕ ВО МИЛОСТА И ПОЗНАВАЊЕТО НА БОГА

Пред да ги разгледам чинителите што ја придвижуваат силата на посредничката молитва, чувствувам дека е потребно да ги споменам бројните искуства со кои Бог ме подготви со своето посредување да им бидам благослов на другите.

Апостол Петар во своето второ послание до христијаните во свое време, не губејќи време во изразувањето желби за сè најдобро во нивниот христијански пат, обрнува внимание на фактот дека божествените благослови можат навистина да се покажат во нивниот живот само ако подобро го запознаат небесниот Татко и Исус нашиот Господ. „Благодатта и мирот да ви се умножат со познавањето на Бога и Исус Христос, нашиот Господ. Бидејќи сите негови божествени сили што ни се потребни, за живот и побожност, се дарувани преку познавање на Оној, Кој нè повика преку својата сопствена слава и добродетел“ (2. Петрово 1,2.3).

Едноставниот текст во списите на Е. Г. Вајт има направено повеќе во моето христијанско искуство отколку што можев да замислам. На последната страница на книгата Големата борба таа има напишано: „Како годините на вечноста поминуваат, ќе донесуваат сѐ побогати и почудесни откритија за Бога и Христа. Со зголемувањето на знаењето ќе расте и нивната љубов, нивната стравопочит и среќа. Колку повеќе луѓето ќе знаат за Бога, сѐ посилно ќе му се восхитуваат на Неговиот карактер“ (*Големаūа борба*, стр. 595).

Колку повеќе размислував за овие зборови, станував сѐ повозбуден од сознанието како ќе ми биде на обновената Земја. Си реков себеси: „Зошто треба да се чека бесмртноста за да можеме да уживаме во таквиот вид искуство? Зошто во тоа да не уживаме сега?“

Бидејќи ги запомнив овие, за мене важни реченици, почнав секој ден од Господа да ја барам милоста потребна за живот на оваа Земја, како и тоа оној небесен живот да стане реалност овде и сега. Еве едно од многуте искуства што ми го овозможија тоа.

Тоа се случи зимно време, поточно во јануари. Со денови го проучував библискиот концепт за верата. Писмото споменува голем број луѓе кои живееле со недоверба во Бога, но исто така открива и дека луѓето со сигурност можат да добијат жива вера, развивајќи ја непоколебливо довербата во нашиот небесен Татко и силата на Неговиот Свет Дух.

Ме охрабри оваа реченица на Елен Вајт: „Но верата ја дава Светиот Дух и таа ќе се развива само тогаш кога ќе се одржува“ (*Големаūа борба,* стр. 429).

Одлучив постојано да му заблагодарувам на Господ затоа што многупати во животот со Неговиот Дух ми дал вера, па барав тоа да го прави и понатаму.